

## МАКЕДОНСКИ СКУЛПТОР – СВЕТСКА СЛАВА

## ЧУВСТАТА ШТО ГИ ПРЕДИЗВИКУВААТ НЕГОВИТЕО ДЕЛА –ОСТАНУВААТ ВО ДУШАТА

**Над 500 скулптури во траен материјал, бронза, мермер, оникс и дрво, или 250 одделни портрети, 170 актови, 100 минијатури и идејни решенија од областа на ситната пластика, 15 анималистички претстави, 10 торза и релјефи, 40-ина изведени споменици и спомен-обележја низ просторите на Република Македонија, на**

**Балканот и во светот**



Томе Серафимовски, македонски скулптор, е роден на 14 јули 1935 година, во с. Зубовце, Македонија. Основното образование го завршува во Гостивар. Во 1957 година, во Сплит, завршува средно уметничко училиште, отсек вајарство, во класата на професорот Жељко Радмиловиќ, а соработува со професорите Иван Мирковиќ и Марин Студин. Едновремено, во периодот од 1955 до 1957 година, работи како сликар сценограф во Народниот театар во Сплит. Потоа, своето образование го продолжува на Академијата за ликовни уметности во Загреб на која дипломира во 1963 година, во класата на професорот Антун Аугустинчиќ. Притоа, во текот на истата година, тој е соработник во мајсторската работилница на својот професор.







